Бобан ПЕТРОВСКИ

**УДК: 94(497.7-16)„07/13"**

# „Жоупа Полож'ка"

***Кратка содржина***

*По освојувањето на северозападните делови на Македонија и нивното формално-правно вклучување во рамките на српската држава во 1299 година, се случило инкорпорирање на Полог во административната управна структура на српската средновековна држава, при што, во административен поглед Полог бил уреден како жупа и условуван со неговата сингуларна форма.*

*Изворните податоци сведочат за тоа дека Полог во периодот од крајот на XIII век и во текот на првата половина на XIV век во континуитет претставувал единствена административна целина-полошка жупа, која исчезнува во втората половина на XIV век, со распаѓање на српската држава.*

***Клучни зборови:*** *ПОЛОГ, ЖУПА, АДМИНИСТРАТИВНО УРЕДУВАЊЕ, ЛОКАЛНА ВЛАСТ.*

Почнувајќи од 1282 година северозападната македонска област Полог, дотогаш византиска, била воено одземена од српските војски, а во 1299 година формално-правно била вклучена за подолг период во составот на српската средновековна феудална држава. Оттогаш датира документарниот материјал кој го третира административното уредување на Областа, изворно означувајќи ја како жупа. Истиот е понуден во грамота на кралот Милутин издадена во полза на манастирот Св. Георги Горг Скопски[1], вметнат во членот 32, односно во делот за имунитетните одредби кои се однесуваат на долнополошкото село Речица, кое од тој момент повторно станувало сопственост на Скопскиот манастир[2]. Имено, во повелбата се наведува дека се-

[1] За повелбата детално кај: В. Мошин, Л. Славева, К. Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I, 209-241; С. Новаковић, Законски споменици, 608-621; А. Соловјев, Одабрани споменици, 69-82.

[2] Претходно како такво е регистрирано во средината на XIII век во Виргинската грамота издадена во полза на Св. Георги-Горг од страна на Константин Тих Асен, сп.: В. Мошин, Л.Славева, К. Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 191-192; Й. Иванов, Български старини, 583-584; В. Начев, Царски грамоти, 50.

лото Речица во областа Полог му се доделува на Св. Георги-Горг, при што, во продолжение на текстот истото се ослободува од сите работи и давачки кои дотогаш оделе во полза на српската средновековна феудална држава. Натаму, следуваат релевантни информации за нашиот предмет на интересирање: „**И комоу се дасть жоупа Полож҄ка на дрьжавоу милости(ю) кралевьства ми, Рѣчицамь да не има ҁаповѣдати ни на едноу работоу**“, по што, поименично се наведуваат работите од кои е ослободено селото. Во продолжение уште се вели: „**И да нема оулѣсти оу село то Рѣчице викои владалць кралевьства ми, ни владалць дрьжещаго жоупю тоу**“, по што се набројуваат давачките од кои се ослободува селото, кое воедно добива и судски имунитет, при што, се наведува дека истото влегувало во рамките на духовна област[3].

Посочениве изворни податоци се исклучително драгоцени за административното уредување на Полог во самиот крај на XIII век, кој период воедно ги репрезентира почетните години кога Областа легално била инкорпорирана во рамките на српската држава, па затоа во продолжение ќе извршиме нивна детална анлиза.

Она кое што може уште на прв поглед да се воочи е дека Полог во административен поглед бил уреден како жупа која била именувана според името на самата област[4]. Природно, базичното прашање кое се наметнува е територијата која ја опфаќала оваа жупа или поконкретно, дали во неа влегувал цел Полог или само одреден негов дел (Горен/Долен). Се чини, одговорот се насетува со самото именување на жупата. Формулациите „**жоупа Полож҄ка**“ и „**жоупоу тоу**“ сведочат за тоа дека областа Полог била организирана како единствена територијално-административна област во рамките на српската средновековна држава[5].

Сомневање би можело да се појави поради познатите факти дека Полог во пишаните извори сè до посочениот период редовно билословуван во плурална форма или конкретно како Горен или

[3] В. Мошин, Л. Славева, К. Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I, 223-224; С. Новаковић, Законски споменици, 614; А. Соловјев, Одабрани споменици, 74-75.

[4] За поимот жупа во средновековна Србија и нивното именување, сп. ЛССВ s.v. жупа (Г. Томовић), 195-197. Сп. и најновите истражувања на Ђ. Тошић, Жупа Дабар.

[5] Посочениве изворни информации се забележани и искористени во научната јавност. Така, според Р. М. Грујиќ (Полошко-Тетовска епархија, 39) веднаш по заземањето на Полог, кралот Милутун двете претходни жупи (Горен и Долен Полог) ги доверил на управа на еден кефалија. Според А. М. Селищев (Полог, 80) Полог за време на владеењето на Милутин, исто како и порано, составувал една жупа. Исто така и Т. Томоски (Полог, 78) наведува дека во територијалната поделба на српската држава Полог бил вклучен како една административна единица.

Долен, во зависност од тоа за кој негов дел станувало збор[6]. Сепак, непостоењето поблиска територијална одредница за опфатот на оваа жупа индиректно укажува дека со именувањето „жоупа Положˇка“ се опфаќала целокупната полошка Област, а не само одреден нејзин дел[7].

Кон ова ги придодаваме и информациите содржени во призренската грамота на Стефан Дечански кои говорат за настани одиграни во Полог во времето на кралот Милутин, според кои, нивите на Требошката црква Св. Богородица во месноста Трхала „оуѕели коу были положани“ (член 12)[8]. Именувањето на месните полошки благородници со терминот „Положани“, без притоа да се даде било каква дополнителна територијална одредница, сосема коинцидира со реалната ситуација на теренот. Имено, врз база на претходни сознанија може да се утврди дека узурпирањето на споменативе имоти од страна на локалните полошки феудалци се случило во периодот 1299-1306/07 година[9]. Ваквото временско фиксирање на настаните во целост се согласува и ги поткрепува нашите размисли за постоењето на Полог како една административно-територијална единица во составот на средновековна Србија.

Самото именување „жоупа Положˇка“ во себе содржи еден очигледен и еден латентен факт, есенцијални за административното уредување на Полог. Очигледноста е претставена во нескриената информација дека во времето кога е настаната Скопската грамота, Полог во административен поглед веќе бил уреден како жупа во која влегувале Горен и Долен Полог и како таков е именуван во

---

[6] Л. Славева (Полог, 128), иако се согласува дека во административен поглед Полог бил уреден како единствена жупа, сепак, потпирајќи се на изворите за Полог од четириесеттите години на XIV век, заклучува дека интерно ја зачувал административна поделеност на традиционалните „области“ Горен и Долен Полог.

[7] Кога во изворите се сакало поблиску географски да се одреди некој дел од Полог, тоа таму и се потенцирало. Во прилог на овие наши размисли го наведуваме податокот за формирањето на епископија во Долен Полог во средината на XIV век, експлицитно означена како долнополошка епископија (епискоупство долнемоу пологоу), сп. натписот во црквата Св. Атанасиј Александриски крај манастирот Лешок понуден кај Г. Томовић, Морфологија, 65-66 бр. 47. Слично и во останатите извори за Полог настапати во овој временски период постои географска одредница за припадност на поедини села во Областа кон Горен и/или Долен Полог.

[8] Л.Славева, Полог, 271; С. Новаковић, Законски споменици, 640.

[9] Целосните податоци дадени во посочениот член од грамотата укажуваат на синтеза од неколку настани кои се одигрувале на теренот во продолжение на повеќе години за време на Милутиновото владеење. Истите, компарирани со имињата на таму наведените призренски епископи Дамјан и Илија, упатуваат на понудената временска рамка, сп. С. Ненадовић, Богородица Љевишка, 24-25, 180-185; Г. Бабић, Низови портрета, 325-326.

посоченава повелба. Латентниот момент се состои во тоа што од времето на српското присуство во Областа, Полог односно Пологите (Горен и Долен), во поглед на државната локална управа започнуваат да не се третираат одделно и да не сеословуваат парцијално, туку единствено и најчесто во сингуларна форма аналогна на неговото административно уредување. Истото било во согласност со принципот применуван во „старите српски земји", историските и големите области, кои воедно претставувале и географски целини, кој претпоставувал нивно организирање како единствени административни единици[10].

Останува непознато дали формирањето на полошката жупа се случило набргу по српското освојување на Полог[11] или пак, што е поверојатно веднаш по легализацијата на српската власт во Областа. Притоа, неспорен е фактот дека во 1299-1300 година целиот Полог веќе претставувал една административна единица.

Се чини, поради овие причини и не било потребно дополнително појаснување за територијалниот опфат на полошката жупа, туку се подрзбирала нејзината распространетост врз двата Полога (Горен и Долен) односно целата полошка област. Во тој контекст бездруго сведочат и почетните зборови од членот 32 на Скопската грамота каде лоцирањето на селото Речица, предмет на подарок на скопскиот манастир, нема поблиска територијална одредница. Имено, во грамотата стои дека Речица се наоѓа во полошката област (**Село въ Ѡбласти Положьскои Рѣчице**), при што, не се почувствувало потреба од поблиско посочување за лоцираноста на селото во Долен Полог, кое што истовремено сведочи за антиципирањето на Полог како компактна и единствена област.

Ваквите размисли наоѓаат потврда и во изворни сведоштва кои потекнуваат од петтата деценија на XIV век. Така во диспозицијата на Хтетовската грамота за Полог се зборува во сингуларна форма и истиот е означен како „**землю Полож'коую**"[12]. Уште поексплицитно сведоштво за перцепирањето на Полог како единствена целина и една административна област наоѓаме во Бревното, каде членот 56

---

[10] (М. Благојевић) ИСН I, 538.

[11] Сп. Р. М. Грујић, Полошко-Тетовска епархија, 39.

[12] Л. Славева, Полог, 310; Цхиландар ИИ, 464; С. Новаковић, Законски споменици, 657. Сп. и Д. Кораћ, Повеља Стефана Душана, 141-163, кој направил специјализирана анализа во сферата на дипломатичките и сфрагистичките аспекти на повелбата.

известува за постоење на „кєфалига Полошки“[13], кој имал ингеренции на прв администратор во целиот Полог[14].

Сите овие информации, од една страна несомнено говорат за инкорпорирањето на Полог во административната управна структура на српската средновековна феудална држава, при што, од друга страна, во административен поглед Полог бил уреден како жупа иословуван со неговата сингуларна форма.

Но, изворите молчат за тоа кој се наоѓал на чело на Полошката жупа и поради тоа останува непознато името на управителот на жупата, како и неговата титула. Единствено, во прилог на пројавените прашања во горниот изворен екскурс од Скопската повелба неодредено се наведува „И комоу сє дасть Жоупа Полош̑ка“, од што не е возможно ниту приближно да се понуди одговор на иститe. Имено, не секогаш било задолжително управителот на територијално-управна област со ранг жупа да носи титула жупан. Достоинството жупан во српската средновековна феудална држава не се стекнувало со служба на српскиот двор или пак во државната управа, туку со раѓање односно по потекло[15]. Како такви, жупаните влегувале во кругот на најугледните српски благородници со респектибилно потекло и завидни земјишни имоти, од што произлегувала нивната политичка моќ во српската држава. Притоа, земјишните имоти-жупи на овие жупани всушност претставувале нивни наследни имоти-баштини[16], наспроти територијално-административните единици во српската држава означени исто така со терминот жупа.

Наспроти овие два типа жупи во српската средновековна феудална држава, постоел уште еден, трет тип, во науката наречен „мешана“ жупа[17]. Основната карактеристика на овие „мешани“ жупи била нивната внатрешна административна парцијализираност[18], од една

[13] Л. Славева, Полог, 294-295; Chilandar II, 487. За најновите сознанија околу самиот извор, сп. Ђ. Бубало, О називу и времену настанка Пописа, 177-193.

[14] Станува збор за полошкиот кефалија Владое. За него и неговата служба во Полог опширно расправаме понатаму во текстот.

[15] М. Благојевић, Државна управа, 38-41.

[16] Т. Тарановски (Историја српског права, 273-282) во нив препознава „посреднички“ власти, што би значело дека тие посредувале меѓу владетелот и народот. Како такви биле потчинети на владетелот, но не во административен поглед, туку според нивната сталешка припадност. Исто и М. Благојевић, Државна управа, 42-43.

[17] Т. Тарановски, Историја српског права, 274-275.

[18] Според истражувањата на Т. Тарановски (Историја српског права, 269) постоеле две категории локална власт: оние во „државите“, на чие чело стоел благородникот кој ја добил односната територија во „држава“; оние по градовите и жупите, чиј најтипичен претставник бил кефалијата. Овој принцип бил апликативен и за полошката жупа. Тоа не важело единствено кога целата жупа била дадена во „држава“ на некој високодостоинственик, кој ја преземал целокупната управа во свои раце, сп. (М. Благојевић) ИСН I, 540.

страна и немањето административни ингеренции на државните претставници на локалната власт врз баштинските имоти на крупните феудални владетели во жупата кои поседувале административен имунитет, од друга страна. Според постоечките изворни сведоштва презентирани во понудениот екскурс од Скопската повелба, нашата полошка жупа му припаѓала токму на овој трет тип жупи. Во продолжение ги разгледуваме карактеристиките на жупата Полог кои се есенција за нејзино вбројување во „мешаните" жупи.

Според член 32 од грамотата за Св. Георги-Горг Скопски, манастирот во селото Речица добил целосен имунитет поради што на оној кој ќе ја добиел полошката жупа „на дрьжавоу милости(ю) кралевьства ми" му се забранувало да бара било какви работи (ангарии) од селото. Кралот Милутин ставајќи го својот потпис на оваа повелба, со посочениов нејзин член предвидувал жупата Полог да не се стави под директна контрола на административните власти во Областа, туку посредно, преку оној кој ќе ја добиел жупата на управување. Имено, со Милутиново допуштање односно концесија (милости(ю) кралевьства ми)[19] полошката жупа требало да се даде на управување (дасть... на дрьжавоу) на Милутинов високодостојник. Самиот термин „на дрьжавоу" означувал давање државна земја на некој близок владетелски благородник да управува со истата од името на владетелот[20]. Притоа, високодостојникот реципиент на „држава" бил лојален, моќен и угледен во општеството, за што несомнена потврда била неговата висока титула[21]. Тој, на доверената територија односно „држава" претставувал владетелски намесник кој раководи со најважните воени и цивилни работи, но не во улога на владетелски чиновник, туку како најкрупна политичка фигура на довереното подрачје. Неговата моќ и влијание не се засновале исклучиво врз владетелскиот указ или именување, туку произлегувале од неговото благородничко потекло и баштински имоти кои неретко биле

[19] За „владетелската милост", која означувала допуштање или концесија, како и обврските на благородниците кои произлегуваат од добиената „владетелска милост" опширно расправа М. Благојевиќ, Државна управа, 59-97.

[20] Ваквата институција била широко растпространета и применувана во средновековната српска држава во посочениов период. Според истражувањата на М. Благојевиќ (Државна управа, 42) целокупната територија на државата на Немањиќите во втората половина на XIII и првата половина на XIV век била поделена на „држави".

[21] Господарите на поедини „држави" по правило биле моќни и влијателни благородници, наречени од современиците „силни", сп.: (М. Благојевић) ИСН I, 540; истиот, Државна управа, 43.

во непосредна близина на територијата која ја добивал на управување[22].

За жал не е познато дали и во случајот со полошката жупа бил избран благородник кој имал имоти во Полог или во неговата близина. Исто така, поради скромните информации во изворите, освен што останува непознато кому му била дадена полошката жупа на „држава", не може да се утврди ниту на колку време му била дадена на управување, со оглед на фактот што „државите" не се доделувале на строго утврден временски рок, туку можеле да бидат и доживотни, па дури и да преминат во наследство по машка линија[23].

Со добиените имунитетни одредби, долнополошкото село Речица било инкорпорирано во земјишниот комплекс на Скопскиот манстир и на тој начин бивало исклучено од директните ингеренции на државните централни и локални власти кои дејствувале во Полог. Дури и експлицитно се забранувало собирање било каков доходок од селото, а во него не смеел да влезе „никои владалць кралевьства ми", со што пристапот на претставниците на централната власт и локалните благородници бил елиминиран, а исто така „ни владалць дрьжещаго жоупю тоу", со што и локалната власт била ставена ad acta. По ова, следи и конкретно посочување на претставници на локалната власт на кои им се забранувал пристап во селото „да нема оулѣсти оу село то Рѣчице... ни севасть, ни прахторь, ни кнезь ни винарь".

Значењето на овие информации има неколку аспекти. Најпрво преку нив може да се согледаат ингеренциите на локалната власт во полошката жупа односно утврдување на териториите каде надлежностите на локалните власти престанувале. Имено, како баштина (властелинство) на Скопскиот манастир, во Речица престанувале ингеренциите на благородниците кои полошката жупа ќе ја добиеле во „држава", како и на евентуалните кефалии кои управувале со жупата или со одредени нејзини делови. Единствено надлежни во Речица се оние кои во науката обично се наречени „посреднички" власти, во случајов Скопскиот манастир, бидејќи Св. Георги-Горг истата ја добил во баштина и нему му припаѓал целиот данок „вьсакы вирькь закониы да оузима црькви". Сосема ист бил случајот и со баштините на световните благородници резиденционални во Полог, но поради непостоење изворни сведоштва принудени сме истото по аналогија само да го претпоставиме. На тој начин се исполнува базичниот принцип

[22] М. Благојевић, Државна управа, 42-43.

[23] Исто, 43.

со кој полошката жупа се вбројува во т.н. „мешани“ жупи, кој претпоставува истовремена разграничена надлежност на „посредничките“ и „подредените“ власти односно локалната администрација во Областа[24].

Полошката жупа и доколку му била дадена некому на „држава“, најверојатно не останала долго во таа правна положба, а што е уште посигурно, како таква не преминала во нечие наследно управување. Имено, во изворните податоци од петтата деценија на XIV век во Областа повеќе не се споменуваат „**владалць дръжещаго жоупю тоу**“, туку само претставници на локалната власт кои биле непосредно потчинетите на владетелот (**владалць кралювьства ми**).

Така, во член 30 од Хтетовската грамота издадена од кралот Стефан Душан на манастирот Света Богородица се наведува дека владетелот му ја подарува на манастирот планината Нанов Дол и притоа, под закана со казна, забранува пристап на локалните власти (**да не метеха никто ѿть владоущихъ кралювьст̾ва ми**), од кои специјално се наведуваат токму оние кои би можеле да го нарушат новостекнатото манастирско владение „**ни трав̾ничарь, ни Ар̾банасинь, ни Влахь**“[25]. Од посочениве, единствено травничарот бил претставник на локалните власти[26], додека забраната за Арбанасите и Власите е искажана поради веројатноста дека токму тие, заради природата на нивните секојдневни активности поврзани со ползување на планините, би можеле бесправно да ги користат планинските пасишта. Интересно во случајов е што оној кој ќе ја прекрши оваа одредба од грамотата требало „**да плати кралювьствоу ми ·Т· перперь**“[27], од каде произлегува дека приходот од евентуалните казни во износ од 300 перпери, заради прекршување на владетелска заповед не одел во црковната, туку директно во кралската каса.

Кон ова недвосмислено се врбројува и податоток од членот 56 од Бревното, каде, откако се наведува дека локалниот феудалец Иса-

---

[24] Т. Тарановски, Историја српског права, 263-273 опширно ги образложува ингеренциите на „подредените“ власти.

[25] Л. Славева, Полог, 318-319; С. Новаковић, Законски споменици, 660; Chilandar II, 466.

[26] **Трѣвнина**– ἐννόμιον, данок кој во Византија се плаќал во пари, а во Србија во натура и пари (од стадо два овна, две јагнињa, сирење и динар), сп.: В. Мошин, Л. Славева, К. Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 202 бел. 118; ЛССВ s.v. травнина (М. Благојевић), 736-737. Травничарот бил државен чиновник, чија функција е поврзана со данокот тревнина, а се состоела во собирање на приходите од ползуваните државни пасишта, сп.: Д. Ангелов, Аграрните отношения, 220; Л.Славева, Полог, 319 бел. 44, која открива дека ова е единствениот спомен во изворите каде е употребен терминот травничар.

[27] Л. Славева, Полог, 319; С. Новаковић, Законски споменици, 660; Chilandar II, 466.

ха од селото Седларево, при своето замонашување го приложил својот имот на манастирот, се вели: „Повелѣнием и милостию господина кралга издаде Владоє кефалига Полошки.. все що єсть имал Исаха“[28].

Самата одредница „Полошки“, која ја имал кефалијата Владое, упатува на тоа дека тој имал ингеренции во целата полошка област. Имено, во спротивно, доколку неговите управни надлежности биле поинаку територијално детерминирани односно ограничени само на одреден(и) дел(ови) на Полог, без сомнение, тоа би било регистрирано и во самиот извор. Тоа, воедно конфирмира организираност на Полог во една административно-територијална управна единица во посочениов временски интервал.

Фактот со кој што Владое се посочува како полошки кефалија, разгледуван во корелација со споменувањето на полошката жупа во членот 32 од Скопската грамота, ни дозволува да понудиме размисли дека Полог во периодот од крајот на XIII век и во текот на првата половина на XIV век, најверојатно во континуитет претставувал единствена административна целина во рамките на српската средновековна држава.

За натамошната судбина на полошката жупа изворите молчат, но најверојатно нејзиното исчезнување е поврзано со периодот на распаѓање на српската држава во втората половина на XIV век и појавата на локални (полу)независни управители во поодделни нејзини области[29].

(Рецензент: *проф. д-р Коста Адиевски*)

[28] Л. Славева, Полог, 294-295; Chilandar II, 487.

[29] Во контекст на тоа е и регистрираниот големец на Полог, Гргур, кој ја „држел“ Областа во време на кралот Волкашин, сп. Б. Петровски, Воисава Трибалда, 67-78.

# ЛИТЕРАТУРА

## I. ИЗВОРИ:

**Й. Иванов, Български старини**----------Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание, София 1970.

**В. Мошин-Л.Славева-К. Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I**----------Грамота на крал Милутин, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В.-Славева Л.-Илиевска К., Споменици, Том I, Скопје 1975.

**В. Мошин-Л. Славева-К. Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I**----------Грамота на цар Константин Асен, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В.-Славева Л.-Илиевска К., Споменици, Том I, Скопје 1975.

**В. Начев, Царски грамоти**----------Начев В., Български царски грамоти. Съставителство, очерци, коментар, София 1996.

**С. Новаковић, Законски споменици**----------Новаковић С., Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912.

**А. Соловјев, Одабрани споменици**----------Соловјев А., Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века, Београд 1926.

**Г. Томовић, Морфологија**----------Томовић Г., Морфологија Ћириличних натписа на Балкану, Београд 1974.

**Chilandar II**----------Actes de Chilandar. Deuxieme partie. Actes Slaves. Publiés par B. Korablev, Петроградъ 1915.

## II. ЛИТЕРАТУРА:

**Д. Ангелов, Аграрните отношения**----------Ангелов Д., Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век, София 1958.

**Г. Бабић, Низови портрета**----------Бабић Г., Низови портрета српских епископа, архиепископа и патријарха у зидном сликарству (XIII-XIV в.), Сава Немањић-Свети Сава. Историја и предање, децембар 1976. САНУ Научни скупови, Књига VII, претседништво књига I, Београд 1976.

**М. Благојевић, Државна управа**----------Благојевић М., Државна управа у српским средњовековним земљама, Београд 2001.

**Ђ. Бубало, О називу и времену настанка Пописа**----------Бубало Ђ., О називу и времену настанка Пописа имања Хтетовског манастира, Стари српски архив 1, Лакташи 2002.

**Р. М. Грујић, Полошко-Тетовска епархија**----------Грујић Р. М., Полошко-Тетовска епархија и манстир Лешак, ГСНД Књ. XII, Скопље 1933.

**ИСН I**----------Историја српског народа, Прва књига (Од најстаријих времена до Маричке битке 1371г.), Београд 1981.

**Д. Кораћ, Повеља Стефана Душана**----------Кораћ Д., Повеља краља Стефана Душана манастиру Свете Богородице у Тетову. Прилог српској дипломатици и сфрагистици, ЗРВИ XXIII, Београд 1984.

**ЛССВ**----------Лексикон српског средњег века, приредили С.Ћирковић и Р.Михаљчић, Београд 1999.

**С. Ненадовић, Богородица Љевишка**----------Ненадовић С., Богородица Љевишка, Београд 1963.

**Б. Петровски, Воисава Трибалда**----------Петровски Б., Воислава Трибалда, Ѓерѓ Кастриот Скендербег 1405-1468 (Материјали од научниот собир, по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005), Скопје 2006.

**А. М. Селищев, Полог**----------Селищев А. М., Полог и его болгарское население. Исторические, этнографические и диалектологические очерки северо-западнои Македонии (с этнографическою картою Полога), София 1929.

**Л. Славева, Полог**----------Славева Л., Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век, Споменици III, Скопје 1980.

Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија: Том I; III, Скопје 1975, 1980.

**Т. Тарановски, Историја српског права**----------Тарановски Т., Историја српског права у Немањићкој држави. Класици Југословенског права, 12. Београд 1996.

**Т. Томоски, Полог**----------Томоски Т., Средновековен Полог, Историја XII/1-2, Скопје 1976.

**Ђ. Тошић, Жупа Дабар**----------Тошић Ђ., Средњовјековна хумска жупа Дабар, Београд 2005.

Boban PETROVSKI

# „Жоупа Положька"

**Summary**

*After the conquest of Northern parts of Macedonia and its legal incorporation in medieval Serbia in 1299, Polog (North-Western region of Macedonia), has been involved in administrative structure of the Serbian state. According to the available sources, from the end of the XIII Century and in the first half of the XIV Century, Polog represented one administrative unit called „Жоупа Положька" (Polog`s zhoupa) which vanished in the second half of the XIV Century.*